# СТИХОЗБИРКА

## МОЌТА НА ПОЕЗИЈАТА

## 2

# СТИХОЗБИРКА

# МОЌТА НА ПОЕЗИЈАТА

## 2025

# СТИХОЗБИРКА НА СОВРЕМЕНА РОДОЉУБИВА ПОЕЗИЈА

**МОЌТА НА ПОЕЗИЈАТА 2**

*Издава:*

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

*Главен уредник:*

**Софија Ачкоска**

*Технички уредници:*

**Злате Стефановски**

**Катерина Митковска**

*Лектура:*

**Емилија Величкова**

*Корица и техничка поддршка:*

**Марио Ачкоски**

# ПРЕДГОВОР

„Моќта на поезијата“ е поетска манифестација која по вторпат се реализира од страна на Здружението на пензионери на Општина Центар, во соработка со Здружението на просветни разботници на Град Скопје, Општина Центар и основните и средните училишта на територија на Општина Центар. Манифестацијата има за цел да прерасне во традиционална манифестација за чествување на ликот и делото на најмоќните великани на XX и XI век на македонското литературно творештво, кои дале исклучителен придонес во развојот и зацврстувањето на македонскиот национален дух и самобитност. Со тоа се придонесува кон негување на култура на почитување на животот и делото не само на литературните творци кои оставиле траен печат низ времето, туку и почит кон самите себе, како народ со богато историско, културно и литературно наследство.

Преку манифестацијата „Моќта на поезијата“, негувајќи го македонскиот литературен опус на Анте Поповски во 2024 г., Гане Тодоровски во 2025 г., македонскиот пишан збор живее и ќе живее со векови, како инспирација за литературно творење, создавајќи нераскинлива спрега меѓу културата и образованието, како и градејќи мостови меѓу генерациите.

Оваа година „Моќта на поезијата“ беше дел од манифестацијата „Културното наследство аманет за иднината“ во организација на Општина Центар. Со промоција на нашето културно наследство во оваа манифестација, преку пишаниот збор на Гане Тодоровски, учесниците на три гренерации имаа заедничка мисија, афирмација и зачувување на нашето македонско литературно творештво и култура. Во таа насока беше објавен конкурс на тема „Твориме за татковината“, што произлезе од силната љубов кон татковината што блика од секоја родољубива песна на нашиот лауреат Гане Тодоровски, еден од доминантните личности на балканската, но и дел од европската книжевност и литература. Поезијата на Гане Тодоровски е како музика во осумчетвртински такт, силна, но искрена, чиста и едноставна, преполна со силни емоции кон Македонија, македонскиот народ, кон историјата на Македонија, што беше инспирација за поновите автори на современата македонска родољубива поезија.

Од уредничкиот одбор.

# Живот и дело на Гане Тодоровски

„Се родив
Тоа е совршен факт
Живеам доста
Тоа е веќе непорекливо
Кому му требам
Секој е должен сам да знае
Пречам ли некому
Нека ме одмине
Премногу е непожелно
Да бидам одбран за враг
Вражја е живеачката
А јас сум рековме нејзин факт
Ќе умрам колку за доказ
Дека навистина сум живеел."

Драган (Гане) Тодоровски, роден на 11 мај 1929 година, во Скопје, нам познат македонски поет, преведувач, есеист, литературен критичар и историчар, публицист, антологичар, културолог, редактор, фолклорист, театролог, сценарист, универзитетски професор, академик, амбасадор.

По завршување на основното и средното образование, студиите ги продолжил на Филозофскиот факултет во Скопје, каде што дипломирал на групата за југословенски книжевности. Пред и во текот на студиите работел како новинар. Сиот работен век го поминал како професор на Филолошкиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", каде што ги предавал предметите Нова хрватска литература и Македонската литература во XIX век. Тој бил активен член на македонската книжевна сцена, служел како претседател на Друштвото на писателите на Македонија и бил прв амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација. Бил еден од основачите и претседател на Советот на Струшките вечери на поезијата и прв претседател на МААК (Движење за македонска акција), и почесен член и на Македонската акдемија за науките и уметностите.

Како, водечка и раздвижувачка творечка фигура на македонската литература од втората половина на XX век, чии дела суверено и супериорно се простираат во областа на литературната уметност и литературната наука, тој е појава со непроценлив и мисионерски придонес во современата културна историја на Македонија, со повеќестран опсег на креативни, научни и културолошки интереси; културен двигател на важни процеси на современата литературна, културна, научна и национална афирмација на Македонија.

„Ако си тргнал да стануваш поет,
бездруго треба да ги знаеш сите зла по име
и доброто да не ти биде заматен поим-

Ако си тргнал да стануваш поет
затри го во себе трчилажот панаѓурски
што голта зборови место оган-
Ако си тргнал да стануваш поет,
раскажи им на луѓето
колкумина денеска со политика место со мотика
си градат имоти и среќа-
Ако си тргнал да стануваш поет,
раскажи им на луѓето колкумина со шепот место со пот
успеваат во животот.

Ако си тргнал да стануваш поет,
научи се да не премолчуваш.“

Настојувањето да се гради, а не да се разградува, да се говори, а не да се премолчува ја зголемува поетовата желба на својата родина да ѝ ги завешта во трајна своина сите свои мисли, а не сокривања за да ја гледа како милоина и како протеј осмислена. Обраќајќи и се на татковината без лажен патос и предрасуда, без преувеличеност ќе рече:

„Остави твоето величие
и твоите тегоби сам да ги патам.
Многушто в мислите уште ќе тежи
срце ќе прекопне целата да те збере-
туку знам, треба по толку премрежија
таква каква што си да те резбереме.

Родољубивата поезија на Гане Тодоровски е длабоко вкоренета во љубовта кон Македонија, нејзиниот народ, историјата и културата. Неговиот поетски израз е полн со патос, емоција и посветеност кон националниот идентитет. Неговите стихови го отсликуваат духовниот отпор на македонскиот народ и непоколебливата љубов кон татковината.

Страста да се доловува неподатливото значење на зборот, да се откриваат неговите тајни во разни облици на поетско соопштување и суштествување, ќе доведе поетот да ја примени метафората во нејзината оригиналност, инвенција, издигната до антологиски височини.

„Се роди ти во слобода, во мрак,
за да се препознаеме ко сјаен божилак
на повидок по долги векови глувотија-
Се откорна ти како борбен вик
на востанатиот наш бунтовник
што прв ја презреа ропската мирнотија!“

Следејќи го поетскиот развој се укажуваат три фази со забележителен поетски сензибилитет. Во секоја од нив се согледува поетовиот напор да се излезе од празното, поточно клиширано стихотворство и позабележливо да се втисе личен печат во она што се препознало и како лична судбина. Ги поминал речиси сите фази од развитокот на поетската реч по нејзината политичка еманципација-агитката од борбата и периодот на изградбата, периодот на враќање на поетот кон својата интима во рамките на една општа конвенција на формата, третманот и содржината и во рамките на индивидулниот поетски сензибилитет и периодот на откривање на стварноста во просторот и времето во кое се раѓа песната, како и откривањето на самата песна како стварност.

Конвенцијата на формата и содржината му се наложила на Тодоровски во неговите почетоци како ехо на времето, како вид на надворешен диктат, што делумно се пронаоѓа себеси во потребата поезијата да агитира во служба на афирмацијата на една нова социјална и национална структура, во кои одвај може да се ѕирне зрнцето зародиш на индивидуалниот поетски сензибилитет.

„Стивна сегде шумот...градот молкна.
Скопје заспа в сладок ноќен сон;
јас сум буден, низ чистото окно
гледа ладно месец сребро полн.

Спие градот облечен во тенка
нежно-снежна коприрена низа,
како змија димот витка сенка
просторот во ноќта тој го гризе.

Пак е така чудно, толку чудно
сè е исто: ноќта, мојот дом...“

Гане Тодоровски мајсторски ги користи зборовите за да предизвика длабоки чувства кај читателите. Неговата поезија овозможува повеќестрани пристапи, обраќања и интерпретации, а воедно нови согледувања. Во неа конзистентно е присутно настојувањето да се трага, по разноврсни облици на поесткиот исказ, што ќе овозможат потполно експонирање на неговата творечка посебност. Поезијата на Тодоровски зрачи со својата изворност, широкиот спектар на јазична досетливост и инвенција. Присутен е мошне видливиот континуитет на поетско созревање, искачување до копнежливите граници на трајноста.

Поетскиот опус на Гане Тодоровски претставува едно од значајните стојности во современата македонска поезија, а добар дел од него е во она што претставува, неодминлив домет во поновите текови на поетското суштествување.

Академик Тодоровски е добитник на повеќе признанија и награди: „11 Октомври“, „23 Октомври“, „13 Ноември“, „Браќа Миладиновци“ – Струшки вечери на поезијата, „Ацо Шопов“ – ДПМ, „Димитар Митрев“ – ДПМ, „Кирил Пејчинович“ за преведувачки опус, Книжевно жезло и на голем број пофалници во земјава и во странство.

Постигнатите научни резултати во областа на македонистиката го вбројуваат академик Гане Тодоровски помеѓу најистакнатите дејци во славистичките кругови, како во Европа, така и во светот.

професор Емилија Величкова

во СУСГ Гимназија „Јосип Броз Тито“.

***Христина Стрезова Костова***

***Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“***

## *ПРОДАДЕНИ СОНИШТА*

Во мојата земја се продаваат соништата,
Се продаваат желбите и надежите.
Сѐ друго е продадено на оние кои туѓите соништа ги уриваат,
Туѓите надежи ги уништуваат.

Во мојата земја нема ветре на надежта,
Нема ниту дожд за освежување,
Има само молк
Громогласен кој сѐ покрива.

Се заниша сијалицата,
Некаде далеку светови се уриваат.
Замириса на палеж,
Некаде далеку светови горат.

Овде и без оган, сѐ е пепел сторено.
Мојата татковина исчезнува,
а ништо не се поместува.
Нема искра на надеж да се запали.

Не ја барајте повеќе Македонија надвор,
Ниту внатре длабоко во земјата.

Надвор сè е избришано, избрусено.

Внатре сè е откопано, откорнато.

Барајте ја во песните, пред да се допеат,

Барајте ја во водите, пред да дотечат,

Барајте ја на небото, каде ѕвездите ја кријат,

Барајте ја во срцето, ако со ножот на вистината сте ја врежале.

И чувајте ја!
Некој после многу години поминати во пепелта
Може ќе ја пронајде, ќе ја воскресне, пак ќе блесне!
Зашто, човек не може да уништи тоа што Бог го создал за вечност.

***Сашо Христовски-Липски***

***Поет – адвокат***

***НИКАДЕ МОЈА***

Трговец итар со круна и наметка лажна,
одамна слуги бездомни в џебот свој крие,
клетва стави врз земјата секому своја,
и рече... Никаде да не биде твоја!

Приказна стара со ѕвезден молив
по езерска шир испишана,
бесценета тајна со векови
в пуста зандана затворена.

Глетка раскошна и неуморна
со сончеви зраци извезена,
трошки бисерни по тараби небесни,
опојна китка накитена.

Покрај река непресушна
валавица дива златоносна,
старец несмртен в капка ѝ се искапе,
утрешна семка из’рти плодоносна.

Луѓе покорни и добри, духовни и благородни,
разум до рајот да се воздигне,
камен на камен бездомникот им предвиде,
да ги снебидне се обиде.

Завет искрен надеж последна
како кокиче од студот изникна,
човек човека по крв родина,
исконска љубов ко извор избликна.

Сон јавен тие будно сонија,
зборот негов што сјае и измива,
на дланките си нежно седало му сторија,
за при себе да им почива.

Тој ниет гаи љубените в мир да живеат,
градината што ја создаде токму ним им ја подаде,
за последно се вети
и со нив скромните се завети.

Домот нивен Мајка го нарече,
за прегратка милна и постела топла да е,
за софра вкусна и одаја полна да е,
за радост детска и сладост дедова да е.

Овде тој е сонце и земја, вода и воздух,
тој е леб и сол, пот и крв,
и неговото им е сѐ,
и сето негово нивно станало и за навек останало.

*Сава Таховска*

*Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“*

**ЗЕМЈО - МАЈКО НАША**

Те газат,
но зошто не те пазат?
Секој те сака за себе – велат од бебе,
се чукаат во гради – уште од млади,
па и стари – те продаваат за пари,
и што ли не ти сторија,
а ти за сите си историја.
Толку си стара,
и невредна е секоја пара
колку било големи суми,
богатството е во – твоите милениуми.
За тебе се наздравува со чаша
Земјо – Мајко наша,
простуваш – за било, што било
и душманот го топлиш во своето крило,
како ќилим широко распослана
покуса од секоја страна,
раскошна со својата Шара
му даваш секому што бара.
Даде и многу жртви,
а оние што ништо не ти дадоа
сонот ти го украдоа,
сонот – да бидеш сама,
како стара отмена дама

пред која и Боговите молчат,

а тебе сакаа да те столчат,

и да те делат едни – други да те селат,

да те парчосаат од сите страни,

а кој ли тебе да те брани?

Рикни земјо – отвори се,

Отвори ги сите гробови

да станат сите жртви

и борците мртви

од своја рака предадени,

од туѓа оладени,

да станат и да кажат

дека правилата не важат,

додека некој во земја гние

Лукавиот бело знаме вие,

иако сѐ уште се пука

важно тој – на земјата е тука.

лојалните и искрените се ретки,

но треба да ти положат сметки,

сметка секој да положи

и животот за тебе да го вложи,

животот како влог –

за оние што му ги дал Бог,

да не им ја прекројуваат судбината

да ја обезбедуваат – иднината на сите

и оние што ќе се родат

исправено и гордо – Македонија да ја водат.

*ученик: Филип Кузаревски*

*ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“ – Скопје, III б клас*

*ментор: Јулијана Видин-Петковска*

**ТАТКОВИНО, БОГАТСТВО НАЈГОЛЕМО**

Некој не знае,
нашето богатство да го цени,
нашето благо,
кое дијаманти вреди.

Македонија наша,
од душмани бедни разни,
со зборови и лаги,
во душата ни чинат, само болни траги.

Македонското чувство
на душманите им прави мака,
и никој не може да го избрише,
колку и да сака.

Со знаење и храброст
за татковина да се бориме,
и секаде низ светот, за неа да збориме.
Како народ уште повеќе
да се сплотиме
и успешни чекори во иднина
да броиме...

***ученик: Надија Карамanолевска***

***ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје***

***ментор: Радмила Илијева Стојановска***

**МОЈА МИЛА ТАТКОВИНО**

Татковината моја Македонија се вика
Скопје како центар во неа блика.
Татковино ти си голема и мила
сјаеш со убавина и свила.

Крстот на Водно над скопјани будно бдее
Вардар тивко тече, како серенади да пее.
Камениот мост Скопје го дели
и безброј тајни тој чува на јунаци наши смели.

Охрид и Преспа преку Галичица се ракуваат,
Бистра, Кораб и Шара братски се прегрнуваат.
Во нивните пасишта расфрлени стада како бисери бели,
а по долини безброј, плодови сочни и зрели.
Џив, џив, џив, славејот пее,
а со неговата песна жетварот кроце жнее.

Кирил и Методиј, Климент и Наум
писмо и јазик ни дариле,
а Рацин, Неделковски, Блаже и Гане
трајни вредности ни оставиле.

Земјо наша, земјо мила
во секое срце ти гнездо си свила.
Ќе те чуваме и сакаме и за ништо на светот не те даваме.

*Елена Јурттутан*

*наставник во ООУ „Киро Глигоров“ – Скопје*

**МАКЕДОНИЈА**

Моја Македонија,
Вчера,
била ко да не била,
впишана во историјата,
задлабочена во традицијата,
преполовена од алчнината,
раскрвавена во далечината,
војни, маки, проклетие
измачено столетие...
Минатото потсетува
Брзо живот одлетува!

Твоја Македонија,
Денес,
Знаме, химна, јазик,
Може не трча, но напред гази
Гласно говори, без да мрази,
По патоказ оди на вистински стази.
Горда, а напатена,
Од грабливци повратена,
Соседите оспоруваат,
Во сѐ се натпреваруваат,
Сите ја посакуваат,
А не ја чуваат ниту заслужуваат.

Ја газат и не ја пазат, глумат милост, а ја мразат.

Наша Македонија,

Утре,

Со визија за иднината,

Не плашејќи се од судбината,

Ја градиме и темелиме,

Цврсто да се осмелиме,

Во татковината да остариме,

Честа да ѝ ја одбраниме.

На внучиња да раскажуваме,

Генот да го продолжуваме!

За век и веков да ни биде,

само храбро и смело,

со почит за сечие дело!

Моја, Твоја, Наша Македонијо

Вчера, Денес, Утре,

Во срцата те носиме

Нема никој да те сотре!

***ученик: Јована Вуковиќ***

***СУГС Гимнија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, IV-3***

***ментор: Емилија Величкова***

**СОНЧЕВИ МИСЛИ, ЦРВЕНИ МУГРИ**

Пердуви од злато затрепериле
На дрвените даски на ова кајче слетале
Кафена коса, ново лице
Вардарските песни се будат
Ново утро, ново небесно светло.
Долговечните приказни, исти се
Иста е и сликата на ѕидот
Кога небото ќе згасне,

Препострои со бои на минатото
Кога непознато е нештото бистро,
Овој буен крај, оваа топла мисла.

Кафени очи гледаат,
Кон гората на посакуваните светови
Пливаат кон мугрите
Ветувањата за светлината која прозорецот го прекрива
Кога животното на вечната борба се буди
Се буди во прегратката на Шар Планина.

Свилена рамка на ѕидот
Тешка како некогашниот бој
Платното отежнало

Црвено-жолт вез, Бесконечно мудрости
Вечни повторувања на овие танци.

Сега житните полиња везат
Нови мисли, нови бисери,
Само тие се сеќаваат
На секој опинок кој
острината на оваа тревка ја прегазил.

Го паметат човекот за она што е
Мислител на творбите македонски.
Црвени рози замирисале,
Ветуваат нови почетоци,
Нови преписи, неисплакани
Затоа што овој крај,
Топол како поетска слика
Знае, верува дека стиховите на песната
Се римуваат со сè она кое претставува дом.

Сплетена коса, цветови ја красат
Виулица на изминатите пловидби
Во зората го наоѓам сонцето,
Црвени мугри сè уште го греат небото,
Будење со златни мисли,
Како месечината која свети на Македонското небо,
Времето се топи во златни мигови,
Кои во срцето остануваат вечно.

***ученик: Андреа Атанасовска***

***ООУ „Кочо Рацин“ – Скопје, IXб***

***ментор: Славица Мирчевска***

*„Тој си е долг секогаш толку*
*колку што еднаш се истегнал*
*од Вруток па до Солун*
*и пресекол една Македонија!“*
*(„Вардар“ – Гане Тодоровски)*

За тебе стихови плетам, Македонијо,
за тебе зборови редам, татковино,
дал’ ќе ги најдам вистинските?
Сета љубов да ја соберам,
сета радост да ја пренесам,
среќата да ја донесам
за секој Македонец!
Па заедно на Кораб, Шара, Бистра, Беласица да одиме
во Охрид, Преспа, Дојран, повторно да се родиме
низ Скупи, Стоби, Хераклеа да бродиме
но, никогаш, никогаш да не си одиме
Од ова парче земја – природна хармонија
Од оваа убавина – божествена синфонија
Од наша вечна Македонија!

***Трајанка Тања Стоилковска***

***Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“***

**АМАНЕТ**

Народе македонски
Аманет да не заборавиме од
родољуби од искона, уште
од прадедо, од колено на колено пренесуван и
денес да се поклониме
над гробовите на
ослободителите, великаните
од историјата, знајни и незнајни за
слободата жртвувајќи ја
лозата за љубов кон татковината со
очај и лелек, низ солзи,
босоноги, голораки со
огорчена душа ... од душманите!
Должни сме ние
изродени чеда од хероите за
татковината ни мила
една, единствена,
лична, плодна убавица
наша родителка
алчно распарана,
во бездна турната со
окови и ѓердан оловен,
робинка на небидната!
Благослови ја Боже иднината,
Аменетот да го исполниме за ВЕЧНА МАКЕДОНИЈА!

***ученик: Мирса Зеќировска***

***СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ – Скопје, II год.***

***ментор: Далиборка Николовска***

**ЗА ТАТКОВИНАТА**

Твориме со срце, со љубов и жар
за нашата земја, за светол дар.
Со збор и боја, со песна со стих,
Градиме иднина, чекор по чекор, тивко и тивко.

Гори во нас пламен жив,
од предци наши оставен див.
Со ум и со раце, со срце слободно,
ги создаваме соништата од вековното родно.

Полињата пеат, шумите зборуваат,
реките нежно песни ни кројат.
Секој камен, секој цвет,
чува спомени на нашиот свет.

Со четка, со збор, со срце чисто
го пишуваме времето, создадено чисто.
Од старата приказна, нова се раѓа,
љубовта кон земјата никогаш не згаснува.

Ториме денес, твориме утре,
со душа што знае да сонува светло.
Татковината наша во нас живее,
секој збор, секое дело за нас се пее.

*ученик: Петар Дамјански*

*ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје, VII-Б*

*ментор: Радмила Илијева-Стојановска*

**СЛАВНИОТ ПОЕТ**

Татковината е радост моја
и радост твоја.
Таа е целиот мој свет
јас сум нејзин поет.

Денес јас со стих ја славам,
најубави зборови за неа барам,
за да ѝ кажам татковино те сакам
кај тебе секогаш ќе се вратам.

И за тебе сега кревам глас!
Ќе те чувам и сакам засекогаш јас!
Останете другари во Македонија
Таа е нашата единствена татковина.

Праќам глас до сите вас:
Сакај ја татковината моја
затоа што е и твоја.

***Тодорка Филиповска***

***Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“***

**ДЕН**

Ќе се руди еден ден!

Со светлината на сѐ што свети,

Со силата на сите мориња и океани,

Со бојата на темјанушките,

Со убавината на девојките,

Со свежината на мугрите.

Ќе се роди еден ден

Ден благословен!!!

Ден на Македонија.

*ученик: Христијан Саздовски*

*ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“ – Скопје, IIв клас*

*ментор: Марија Стојкова*

**МАКЕДОНСКИ ПОКОЛЕНИЈА**

Во маки и страдања сме биле
во ропство проклето
со пранги на душата.

За слобода сме се бореле
со црвено знаме развеано
газени, а сепак горди.

Ние сме деца на оваа земја,
и во срцето наше лавовско,
со перо во рака, запишуваме
една по друга, мака по мака.

Во срцето оган пламти,
чувства и сништа скршени
во слобода копнеат и творат.

Слободата преку борба се памти,
тешко е здобиена, а пак се посега по нас
за да нè негираат...
Со труд и љубов за неа твориме,
горди на нашите предци,
денес и ние се бориме.

Во светли дни и во темни ноќи,
верни нашиот пат го одбираме.
Творби за татковината создаваме,
во песни да ја овековечиме,
и секогаш слободна да биде ние бараме.

Над нас и меѓу нас
сѐ уште е некако мрачно,
со тажните песни заспиваме,
татковината како мајка нѐ милува,
се бориме да ја одржиме вечно,
да ја задржиме и сочуваме.
Татковината ни е исконска желба,
за неа твориме, за неа се бориме,
за Македонија!

***ученик: Кирил Михаилов***

***ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје, VIIв***

***ментор: Радмила Илијева-Стојановска***

**ЕДНА УБАВИНА**

Мојата татковина, Македонија се вика.
Во секое срце љубов за неа,
како непресушен извор блика.

Планини, езера, полиња, реки,
распослани шумски патеки меки.
Насекаде убавина и мир царува,
што природата несебично ја дарува.

Мојата татковина,
лулка на писменоста света
од браќата Кирил и Методиј
раширена ширум многу света.

Од Охрид до Струга
од Скопје до Велес
поезија и убав збор се слуша,
како вистински мелем за секоја душа.

Мојата татковина,
сите богатства ги збрала,
за слобода во својата домовина
низ вековите многу синови дала.

*Лена Вучковиќ*

*Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“*

**БУКЕТ НА ЖИВОТОТ**

Години ли се години
мои прекрасни цветови
сини, жолти црвени
со убави мириси.
Ве чувам во срцето
ве носам во мислите.
Патувавме низ времето
со подеми и падови,
со големи радости
и тешки загуби.

Денес се прашувам
мој прекрасен букету.
ќе има ли нови цветови
во овие доцни години,
за да ми дадат сила и поткрепа
да продолжам понатаму,
сè содека пламенот на мојата душа,
не најде мир и спокој
во мирисот на цветовите.

***ученик: Мелани Стојановска***

***СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ – III година***

***ментор: Далиборка Николовска***

**ТАТКОВИНА**

Оваа наша македонска земја
изобилува со зеленила поубави од свила,
а на нејзе чекорат луѓе,
луѓе со душа кротка и мила.

Иднина има за сите нас,
без оглед на професијата која ве засега вас.
Од добрина и љубов блика,
зарем сето ова не е преубава слика?

За нас и душите си ги дале многу борци,
навлегле и срушиле многу дворци,
за нашата слобода воделе на многу фронтови борби,
но ниту еден процент не може да се искаже во нашите творби.

Зад нас имаме прекрасна историја,
која треба да ја има во сечија меморија,
луѓе кои ги поставиле темелите, се повеќе од важни,
благодарение на нив нашите лица не се тажни
и никогаш не оставиле ветувања празни и лажни.

Насмевки летаат на сите страни,
тука луѓето не знаат за мани,

насекаде по некој патриот шета,
навредите не ни се мета,
а убавиот збор од устата постојано ни лета.

Наутро сонцето нè буди со својот блескав сјај,
навечер соѕвездието е поубаво од рај,
а дрвјата и цвеќињата ни расцветуваат во мај,
за нашата татковина вреди да се бориме до крај.

Татковината треба да се чува и сака,
секој, секому и секогаш да подава рака,
никој да не се сити на туѓата мака,
најубаво ќе живееме сплотени едни со други вака.

Од колено на колено да се пренесува ова мора,
само така ќе бидеме посилни од црната гора,
како што револуционерите дале сè за нас,
така ќе се бориме и ние идни генерации за вас!

*ученик: Срна Михајловска*

*ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје, VIIб*

*ментор: Радмила Илијева-Стојановска*

**ПЕСНА ЗА ТАТКОВИНАТА**

Во нашата татковина треба радост и смеа да се шири,
а и прекрасни македонски песни да се свири.
Знамето наше треба со гордост да се вее,
а сонцето со љубов да нѐ грее.

Убавината на нашата татковина ни е јасна,
како што е природата со зеленила красна.
Кога нашата Македонија плаче,
целиот народ ѝ подава раце.

Таа мене ми е многу драга,
затоа кога ќе ја видам полна со ѓубре чувствувам тага.
Таа е полна со густи шуми и огромни ливади,
но за жал сѐ тоа населението го загади.

Во Македонија јас ќе ја поминам мојата младост,
а знаејќи го тоа ми носи радост.
Затоа да ја исчистиме неа ние умееме,
бидејќи во неа среќно живееме.

Скопје е главен град,
а најубав е неговиот плоштад.

Македонија има прекрасно знаме,

За кое се бореле јунаците Гоце Делчев, Питу Гули и Даме

Јас Македонија многу ја ценам

и тоа никогаш нема да го сменам.

Треба да се грижиме за неа како таа што се грижи за нас,

затоа за неа правиме песна цел клас.

*Сава Таховска*

*Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“*

## *ТАТКОВИНА*

Те газеле
Те делеле
Чедата ти ги селеле.
На многу страни,
а ти не застрани.
Како да добиваш крилја
имаш сила Македонијо
Мајко мила.
Исправено да одиш
и по прав пат да ги водиш,
твоето поколение
со мирољубиво поведение,
во твоите крилја
Македонијо мила.

Нашата земја
нашата земја, големо срце непрегор,
нашата земја, голем извор неизговор,
векови векувани, векови недоизлекувани.

Извори, реки и езера,
извор, сила и мудрост,
младост и јадрост,
непроживеани, а овековечени.

Дај ми еден, побарај друг,

влечи од ваму, туркај натаму,

делена, парчена и со крв облеана.

Сè било и поминало,

сега е чиста и сјајна,

наша, една и единствена „Македонија“.

*ученик: Теодора Чашуле*

*ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје*

*ментор: Радмила Илијева-Стојановска*

**ЕДИНСТВЕНА**

Под небо чисто, сонце сјае,
Мојата земја гордо трае.
Реки пеат, полиња светат,
срцето мое за неа цвета.

Македонијо, љубов жива,
низ векови сила ти си била.
Во срцето мое ти си светла,
моја земјо, горда и вечна!

Шуми пеат, ветер носи,
приказни стари во народни коси.
Секој камен, секој глас,
татковината пее со нас.

*ученик: Мина Живковска*

*СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, IV-4*

*ментор: Емилија Величкова*

**ЗЕМЈО МОЈА**

Во татковината моја, Македонија
ветровите ни носат ехо од наши предци,
гласови коишто никогаш не стивнуваат,
вријат како крв во жилите на нашата
земја.

Сонцето ја буди Шар Планина,
ја милува Бистра, но и Галичица,
а сенките на војводите сѐ уште ни стојат исправени,
и тоа на долините каде што
ја пеат нивната песна.

А пак нашиот главен град, Скопје
Ах, тој е град на пепел и камен,
Овој град искажува зборови што се
врежани во ѕидовите,
секој мост- сведок на страдање и слава,
секој ѕид- глас од минатото
што никогаш не умира.

Ах, да не заборавиме и за оној тивок,
но бесмртен чувар на светлината од вековите,
неговото езеро што дише како срце,

и во секој бран ни шепоти историја,
секако знаеме, тоа е градот Охрид,
градот што не умира.

Оваа наша мајка Македонија,
Оваа наша прогонувана татковина,
Оваа наша земја којашто не е само земја,
Туку е болка и гордост истовремено.

Љубов во срце носиме
Ткаеме стихови силни и вкусни,
со корен стар, а пак со иднина млада,
Македонија вечно во нас
ќе владее.

Непријатели на оваа татковина,
Корнете ја,
Ништете ја,
Но залудно ќе биде тој ваш труд,
затоа што оваа е земја којашто никогаш не умира,
затоа што
Македонија е вечна и бесмртна.

*Трајанка Тања Стоилковска*

*Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“*

**РОДНА ГРУТКА**

Наши, а туѓи
Двоумие – татковина или пат на надежта,
Клетва или судбина...
Жарот во татково огниште
Прав и пепел да тежи,
Дом зад грб да оставите.
Чеда наши најмили,
понесете рофка грутка
земја Македонска,
Мирисот да не го заборавите...
Дома да се вратите,
каде сонце посилно грее
за лебот насушен
под сино небо класје зрее.
Птиците со пој будат
кога сончевите зраци
во рано зори рудат.
Мајчин глас немо повикува
Само дома си е дома!

***Трајанка Дамјановска***

***Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“***

**ИГРА НА ПТИЦИТЕ**

Дојде пролетта мила
ко самовила со волшебни крилја,
огреа сонцето сјајно,
во ова утро свежо мајно.

Уште во рани мугри
под темниот куќен кров,
ластовички слетаа во јато
ги испрскаа прозорците со мов и блато.

Чрчорат среќните тие
додека сонливи дремеме ние,
го прават своето гнездо лесно
да не им е на породот тесно.

Ги гледам во парови сложно
носат во клунот сè што е можно,
се радуваат тие птички мили
впрегнати со сите свои сили.

Во гнездото ќе снесат јајца
од нив ќе се испилат голиштарци мали
па заедно ќе летаат утре во мир
низ просторот бескраен в шир.

***Трајанка Тања Стоилковска***

***Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“***

## ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ВЕЛИКАНОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Пред тебе родољубу
еден до друг достоинствено,
Со почит се поклонуваме.
Одание јунаку македонски
Со емоции за непокорот исконски,
Капа симнуваме,
Обредно свежо цвеќе ти положуваме.
Народен херoју, апостолу, воину, учителу,
Единствен со ликот и делото
Со комитски аманет за културен натпревар
За опстојот на татковиот род.
Гордо име Гоцево
Опеано во песните,
Цитирано, стихувано,
Епохално датумирано ...
Гоце, единствен личен, челичен,
Ејгиди ерген војводо.

*ученик: Бодан Фунду*

*ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје, IX б*

*ментор: Радмила Илијева-Стојановска*

**НАШАТА ТАТКОВИНА**

Мојата татковина Македонија се вика
во секое срце наше за неа топлина блика.
Те сакаме родна земјо мила
со сите убавини што си ги свила.

Ги сакаме твоите реки брзи и бистри,
се капеме во водите на езерата твои чисти.
Шетаме по горите твои разлистани
нè опива мирисот на цвеќињата опојни.

Го сакам Охрид, Струга и Крушево,
нашата Преспа како и Отешево,
Ја сакам Битола, Прилеп и Гевгелија,
а во срце ми е Скопје, градот роден најубав.

Мојата Македонија израснала јунаци,
земја на Јане, Гоце, Никола,
Ќе ја чувам и сакам родината моја,
како зеницата во очите своја.

***Сава Таховска***

***Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“***

**БИДИ МИ ВЕЧНА**

Колку за неа војувале?
Колку ја освојувале?
Таа не можела да бира
освен бегалци да прибира.
Со километри
Велејќи дека ѝ се сестри,
а кој стапнал – грабнал
Знаејќи дека е мала и сама.
Крај со крај крпела
со љубов лажна дека им е важна
и дига палци за да прима бегалци
од сите страни
со своите доблести и маани
и душманот го храни
во своите крилја.
Биди ми вечна – Македонија мила.

***ученик: Мартин Томоски***

***ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје***

***ментор: Радмила Илијева-Стојановска***

## МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС

Македонија,
Држава на Балканот.
Лошо минато сме имале,
Хероu животите си ги давале.
Гоце Делчев,
Даме Груев,
животи давале,
држава создавале.
Сме имале херојско минато
Кога дете ќе слушне останува зинато.

Паркови големи, денови весели
но Македонија не е себеси.
Ѓубре насекаде во Македонија,
ќе станеме уште малку голема депонија.
Не треба на улица да фрламе сешто,
треба да се преземе нешто.
Македонија е преубава изградена специфично како кула.

Не можеме да ја споредуваме,
треба да ја почитуваме.
Имаме големи историски градови,
изградени со време и големи падови.

На Османлиите сме им ја давале целата жетва,

но на крајот сме се спасиле од лошата клетва.

Треба татковината да ја чуваме,

а не уништуваме.

Ако не ја почитуваме ние,

Нема никој да може да спие.

Сѐ е до нас,

ако не се однесуваме подобро нема спас.

Блаже Конески, Гане Торовски

Свето писателско име,

Од делата ваши светлина се шири

Македонија ве слави, на кавал дете свири.

Вие сте светла патека што нас нѐ води,

Во вашите книги, душата се роди!

***Трајанка Дамјановска***

***Поет од „Здружение на пензионери на Општина Центар“***

**МАРТ, ВЕСНИК НА ПРОЛЕТТА**

Насекаде никнала зелена трева
низ неа се слуша секаква врева
шарена со цвеќиња разни
и полјана со ќебенца мазни.

Над тој убав кадифен ќилим,
леткаат пеперутки во разни бои
се бркаат дечиња со желбите свои,
а свеж воздух ги полни градиве мои.

Низ ливадата жубори и тече
поток што последни мразулци влече
и стариот овчар со своето стадо
во градите го чувствува срцето младо.

Во градина на цреша цвет до цвет
долетуваат пчели со брз лет
на ножиња тенки и влажни без страв
собираат и полнат со поленов прав.

Март е будилник на сè што е живо
бубачки, змии и баба Меца
но најслатко им пее и ѕвони
на сите весели и палави деца.

***ученик: Ведра Максимовска***

***ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје, IXa***

***ментор: Радмила Илијева-Стојановска***

**МОЈАТА ЉУБОВ**

Секој камен зборува, секој лист ми пее,
за земјава мила, што срцето ја грее.
Ти си ни корен, ти си ни сила,
Македонијо мила, гордост и наша иднина.

Под ѕвездено небо, низ векови славни,
тишината носи спомени давни.
Секој врв, секој праг, секој дом,
во срцето мое ти си живот, ти си сон.

Планината од срце до највисок врв,
од исток до запад, засекогаш во наша крв.
Сонцето нè буди со златен сјај,

Македонијо, ти си наш вечен крај.

*ученик: Бисера Глигорова*

*ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје, VIIб*

*ментор: Радмила Илијева-Стојановска*

**ЕДЕН ПОЕТ**

Мојата татковина е држава мила,
убава, најубава, нежна како свила.

Таа има Кале, со знаме што се вее,
а оттаму сонцето гласно ни се смее.

Со нејзината убавина, насекаде гласи,
луѓето и децата, сите ги краси.

Име најубаво носи како плетенки во коси
името нејзино се вика Македонија, што од радост блика.

Со градови таа полна е, а и села има,
општините убави се, а населбите во голем број ги има.

Татковината е таа што нè краси,
со нејзината добрина насекаде гласи.

Отсекогаш најубава била,
таа е јака и моќна сила.

Татковино моја, на сите и твоја,
ти си убава како цвет на овој свет.

Во тебе се игра оро, брзо, а не споро,
сите те сакаме и почит ти праќаме.

Со сите убавини ти си нашиот врв,
секој во тебе сака да е прв.

За твоите убавини секој убаво вика и
со фотоапарат сака да се слика.

Има писатели многу важни: Бошко Смаќоски, Гане Тодоровски,
Горјан Петрески, Оливера Николова и други многу славни.

Ора различни се играат, Жетварка, Водарки,
Пајдушко, Овчарки, вредни и убави, за мене најубави.

Реката Вардар до кејот тече,
додека во рерната торта се пече.

Песни многу се пеат, Ој Вардаре македонски,
Македонско девојче, Јовано Јованке, а и пејачите среќно се смеат.

За татковината песни пеам јас
и среќно се смеам на глас.

Секое цвеќе во тебе плоди
и секое бебе тука ќе се роди.

Татковино моја мила што секогаш ми даваш сила,
ти каква и да си за мене најубава си!

*ученик: Ненад Георгиевски*

*ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје, VIIв*

*ментор: Радмила Илијева-Стојановска*

**МОЈАТА МИЛА ТАТКОВИНА**

Татковино моја мила
зошто ли си ми се скрила
позади сите планини и ридови
пред неа не сакам да видам
ни ѕидови.

Убавите големи планини
тоа се нашите
македонски убавини.

Толку мала
но на душата
толку драга.

*ученик: Маша Затараковска*

*ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје, VIIв*

*ментор: Радмила Илијева-Стојановска*

**САМО ЕДНА Е ТАТКОВИНА**

Македонија убава наша,
татковино моја мила
со историја болна низ векови била
живееш ти со љубов и сила

Отсекогаш тука силни борци имало
секој град и село срдечно ги примало

Вечно сонце тука грее
татковино моја мила секој со тебе може да се гордее
Таа е како рај
кој никогаш нема крај.

Македонија едни ја горат,
други се борат, но
никако не можат да ја соборат.

Вечно ќе те чуваме,
на поколенија аманет ќе оставиме
за татковината да наздравиме.